Република Македонија
**Влада на Република Македонија**
Секретаријат за европски прашања

Бр. 17-230/4
Скопје, 30.01.2013

ДО: Фондација Метаморфозис
ул. „Апостол Гусларот" бр.40 - Скопје

Влада на
Република
Македонија

Секретаријат за
европски прашања

Илинденска 66,
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. + 389 (0)2 3200 100
Факс. +389 (0)2 3113 710
www.sep.gov.mk

ПРЕДМЕТ: ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАТЕР

Врска: Ваше барање бр.08-8/3 од 23.01.2013 год.

Почитувани,

Во врска со Вашето барање за слободен пристап до информации од јавен карактер примено на 25.01.2013 година со СЕП бр.17-230/1 , Ви доставуваме заклучок за прекин со бр. 17-230/4

Со почит,

ЗАМЕНИК НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ВЛАДАТА
ЗАДОЛЖЕН ЗА ЕВРОПСКИ ПРАШАЊА

Dr. Teuta Arifi

______________________

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
СЕКРЕТАРИЈАТ ЗА ЕВРОПСКИ ПРАШАЊА
Бр.17-230/3
30.01.2013 година, Скопје

Врз основа на член 26 став 2 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Македонија" бр. 13/2006, 86/2008 и 6/2010), постапувајќи по барање за слободен пристап до информација од јавен каратер, имателот на информации, Секретаријатот за европски прашања претставуван од Заменик претседателот на Владата на Република Македонија задолжен за европски прашања , го донесе следниов :

## ЗАКЛУЧОК

Се прекинува постапката по однос на Барањето на барателот Фондација Метаморфозис , примено во Секретаријатот за европски прашања на 25.01.2013 година и заведено со деловоден број 17-230/1, за пристап до информацијата **„Дали е креирана бесплатна телефонска служба која ќе им биде достапна на граѓаните за сите основни информации во врска со Европската унија и процесот на евроинтеграции на Република Македонија? Доколку да, доставете ни го телефонскиот број. „**

## Образложение:

Согласно член 3 став 2 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер „информација од јавен карактер" е информација во било која форма што ја создал или со која располага имателот на информацијата, односно со неа располага само имателот на информацијата, согласно со неговите надлежности.

Согласност член 26 став 2 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Македонија"бр. 13/2006, 86/2008 и 6/2010) е определено: „Ако барањето се однесува на

информација со која не располага имателот ..., имателот на информацијата со заклучок ќе ја прекине постапката".

Согласно сето горенаведено и од причина што Секретаријатот за европски прашања не создал и не располага со бараната информација односно се бара информација од јавен карактер која не постои, следствено на тоа не е можна достава на фотокопија од истата согласно барањето, се одлучи како во диспозитивот на овој заклучок.

ПРАВНА ПОУКА: Против овој Заклучок барателот на информацијата може да поднесе жалба до Комисијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер.

**ЗАМЕНИК НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ВЛАДАТА**
**ЗАДОЛЖЕН ЗА ЕВРОПСКИ ПРАШАЊА**

**Dr. Teuta Arifi**

_______________________